ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 05-07-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 03 | 16155 | 1 | |

Република Македонија
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Зоран Петрески**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 и Скопје 2**
**ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2**
**тел. 02 3 207-207**

**Образец бр.50**

**И.бр. 37/2018**

Извршителот Зоран Петрески од Скопје, ул.Св.Климент Охридски бр.21 А/2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ и ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Мито Хаџивасилев Јасмин бб, засновано на извршната исправа ОДУ бр[redacted] од[redacted] год. на Нотар [redacted] и [redacted] од [redacted] год. на Основен суд Скопје 2, против должниците [redacted] Скопје од Скопје со ЕДБ и ЕМБС [redacted] и седиште на ул[redacted] и [redacted] и ЕМБС [redacted] и седиште на бул[redacted] од [redacted] со ЕДБ спроведување на извршување во вредност [redacted], за [redacted] денари на ден 04.07.2018 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- КП 1200, дел 2, место викано Јасика, култура п, класа 1, површина од 97 м2, сопственост
- КП 1201, дел 2, место викано Јасика, култура дм, површина од 1591 м2, сопственост
- КП 1201, дел 2, место викано Јасика, култура зпз 1, површина од 15 м2, сопственост
- КП 1217, дел 1, место викано Ѓољ, култура ов, класа 2, површина од 1858 м2, сопственост

запишана во имотен лист бр.83489 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец при АКН на РМ – ЦКН Скопје, сопственост на заложниот должник [redacted], [redacted]

Продажбата ќе се одржи на ден **31.07.2018 година во 11:00 часот** во просториите на Извршител Зоран Петрески на бул.Свети Климент Охридски бр.21а/2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Зоран Петрески изнесува **3.544.840,00 денарии и истата претставува вкупна вредност за недвижноста, додека посебно изразена вредноста на недвижностите по парцели изнесува**

- КП 1200, дел 2, место викано Јасика, култура п, класа 1, површина од 97 м2, сопственост, износ од **58.200,00 денари**
- КП 1201, дел 2, место викано Јасика, култура дм, површина од 1591 м2, сопственост и КП 1201, дел 2, место викано Јасика, култура зпз 1, површина од 15 м2, сопственост, износ од **2.409.000,00 денари и**
- КП 1217, дел 1, место викано Ѓољ, култура ов, класа 2, површина од 1858 м2, сопственост, износ од **1.077.640,00 денари**

под која недвижноста не може да се продаде на **првото јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Хипотека во корист на доверителот Халк банка АД Скопје, ОДУ бр[redacted] на Нотар [redacted] година и Налог за извршување врз недвижност на Извршител [redacted] И.бр[redacted] од [redacted] година.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200002491876448 која се води кај Стопанска банка АД Скопје.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: доверител
должник
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

И З В Р Ш И Т Е Л
Зоран Петрески

04.07.2018

X

Signed by: Zoran Petreski

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Скопје 2 согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.